# АКЦИОНЕН ПЛАН

# ЗА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. ВОВЕД

### 1.1. ЦЕЛ НА АКЦИОНИОТ ПЛАН

Целта на активностите наведени во овој Акционен план за либерализација на пазарот на електрична енергија во Република Македонија (во понатамошниот текст: Акционен план) е утврдување на точните рокови во кои што учесниците на пазарот на електрична енергија, како и Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) се должни да ги исполнат своите обврски кои што се утврдени со Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11 и 79/13) и Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.57/12, 168/12 и 91/12).

Пазарот на електрична енергија е специфичен пазар за чие функционирање е потребно да се исполнат сите технички предуслови кои што се утврдени со Правилата за пазар на електрична енергија. Доколку не се исполнети сите технички предуслови и барања предвидени со Правилата за пазар на електрична енергија, ќе се загрози сигурноста и безбедноста во снабдувањето со електрична енергија. Оттука, либерализацијата на пазарот на електрична енергија е сложен процес што опфаќа поголем број активности. Најголемиот дел од овие активности се реализирани во изминатиот период, но до започнувањето на либерализацијата на пазарот на електрична енергија на начин утврден со Законот за енергетика и Правилата за пазар на електрична енергија, претстојат уште активности.

### 1.2 СОДРЖИНА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН

Во Акциониот план се наведени:

- крајниот датум за исполнување на обврските на учесниците на пазарот на електрична енергија кои што произлегуваат од Правилата за пазар на електрична енергија и Законот за енергетика.
- датум за отпочнување на либерализацијата на пазарот на електрична енергија за сите потрошувачи на електрична енергија, освен домаќинствата,
- датум за отпочнување на либерализацијата на пазарот на електрична енергија за домаќинствата, во согласност со Законот за енергетика.

Во овој Акционен план ќе бидат наведени обврските на учесниците на пазарот на електрична енергија кои што произлегуваат од Законот за енергетика и Правилата за пазар на електрична енергија, а кои што се уште не се реализирани, со точни рокови за реализација на истите. Исто така, ќе биде наведена и подзаконската регулатива од областа на електрична енергија која што треба да се измени и дополни, вклучувајќи ги и Правилата на пазар на електрична енергија, врз основа на Ревизијата.

Во Акциониот план, покрај Воведот, се содржани и две поглавја во кои подетално се објаснети активностите што се предмет на Акциониот план.

Во второто поглавје, Активности за понатомашна либерализација на пазарот на електрична енергија, се наведени досега реализираните, како и нереализираните обврски согласно Законот за енергетика и Правилата за пазар на електрична енергија, при што се наведени точните датум за исполнување на обврските на учесници на пазарот на електрична енергија.

Во третото поглавје, Други подготвителни активности за натамошна либерализација на пазарот на електрична енергија, се обработени останатите активности, пред се кои што се

однесуваат на информирање на потрошувачите и на сите заинтересирани страни за значењето на либерализацијата на пазарот на електрична енергија.

# 2 АКТИВНОСТИ ЗА ПОНАТАМОШНА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

## 2.1 РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Регулаторната комисија за енергетика во текот на 2012 година ги усвои сите подзаконски предвидени со член 197 став 1 од Законот за енергетика, и тоа:

- Правила за снабдување со електрична енергија,
- Правила за снабдување во краен случај со електрична енергија,
- Правилник за цени на електричната енергија за снабдувачот во краен случај,
- Правила за пазарот на електрична енергија,
- Тарифни системи за пренос и дистрибуција на електрична енергија и за услугите што ги обезбедува операторот на пазарот на електрична енергија.

Сите овие подзаконски акти беше предвидено да започнат да се применуваат од 01.07.2013 година. Имајќи предвид дека не беа создадени сите услови за примена на претходно наведените подзаконски акти, Регулаторната комисија за енергетика на седницата одржана на 25.06.2013 година, ги донесе следниве подзаконски акти:

- Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија,
- Правила за изменување и дополнување на Правилата за снабдување во краен случај со електрична енергија,
- Методологија за изменување и дополнување на Методологијата за пресметка на цените на пресметковните елементи по кои производителот на електрична енергија ја испорачува електричната енергија на снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи и снабдувачот во краен случај со електрична енергија,
- Правила за изменување и дополнување на Правилата за снабдување со електрична енергија,
- Тарифен систем за изменување и дополнување на Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија,
- Тарифен систем за изменување и дополнување на Тарифниот систем за пренос на електрична енергија.

Со овие подзаконски акти е предвидено примената на истите да започне со датумот за отпочнување на либерализацијата на пазарот на електрична енергија за сите потрошувачи на електрична енергија, освен домаќинствата, утврден со Акциониот план за либерализација на пазарот на електрична енергија во Република Македонија. Со влегувањето во сила на овие подзаконски акти, сите потрошувачи на електрична енергија се квалификувани потрошувачи, освен домаќинствата кои што до 31.12.2014 година се тарифни потрошувачи.

## 2.2 РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ПРАВИЛАТА ЗА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Согласно Правилата за пазар на електрична енергија, АД МЕПСО – Скопје во својство на Оператор на пазарот на електрична енергија ги достави до Регулаторната комисија за енергетика заради одобрување следниве обрасци за:

- Барање за регистрација за учесник на пазарот на електрична енергија,
- Договор за балансна одговорност,
- Барање за регистрација на балансна група и регистрација на БОС,
- Барање за укинување на статусот на БОС,

- Барање за пренесување на балансна одговорност,
- договорот за откуп на електрична енергија од повластени производители на електрична енергија,

Претходно наведените обрасци се одбрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика во соодветна постапка.

## 2.3 НЕРЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА

### 2.3.1 СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА МАЛИТЕ ПОТРОШУВАЧИ

Согласно член 3 точка 51 од Законот за енергетика, мали потрошувачи на електрична енергија се претпријатија кои што имаат помалку од 50 вработени и вкупен годишен приход или вкупна актива не поголем од 10 милиони евра во денарска противвредност. Со влегувањето во сила на претходно наведените подзаконски акти од поглавјето 2.1 од овој Акционен план, малите потрошувачи ќе се стекнат со стаусот на квалификувани потрошувачи. Согласно член 59 став 6 од Правилата за пазар на електрична енергија, малите потрошувачи и домаќинствата можат по сопствен избор своите потреби од електрична енергија да ги обезбедат на:

- пазарот на електрична енергија со нерегулирани билатерални договори, од снабдувачи со електрична енергија, по меѓусебно договорени (нерегулирани) цени, или
- пазарот на електрична енергија со регулирани билатерални договори, од снабдувачот во краен случај со електрична енергија (ЕВН Македонија АД Скопје).

Во овој момент, само едно претпријатие се има стекнато со лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија, додека ниту ЕВН Македонија АД Акопје, ниту пак АД ЕЛЕМ – Скопје, подружница Енергетика се немаат стекнато со лиценца за снабдување во краен случај . со електрична енергија Поради одредени недоречености во Законот за енергетика, во однос на вршењето на енергетската дејност снабдување во краен случај со електрична енергија, Регулаторната комисија за енергетика побара соодветно мислење од Министерството за економија, според кое не постојат законски пречки Регулаторната комисија за енергетика да ја издаде соодветната лиценца на ЕВН Македонија АД Скопје.

### 2.3.2 ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА СНАБДУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ СНАБДУВАНИ ОД СНАБДУВАЧОТ ВО КРАЕН СЛУЧАЈ

Согласно член 27 став 3 од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика го носи тарифниот систем за продажба на електрична енергија. Со тарифните системи за продажба на електрична енергија на потрошувачите што се снабдуваат преку снабдувачите во краен случај се определуваат начинот на пресметка на цените за испорачаната електрична енергија или природен гас. Во цените за испорачаната електрична енергија се содржани и тарифите за соодветните регулирани услуги (пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија.

### 2.3.3 НЕРЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА СООДВЕТНИТЕ ОПЕРАТОРИ НА СИСТЕМИТЕ

#### 2.3.3.1 ПРОЦЕДУРИ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ДНЕВНИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СО ПРИМЕНА НА ЛИСТА НА ПРИОРИТЕТИ

ОПЕЕ е должен да подготви и достави до Регулаторна комисија за енергетика на одобрување, процедури за функционирање на дневниот пазар на електрична енергија со примена на листа на приоритети, кои особено ќе го содржат следново:

- најава на учесници на дневниот пазар на електрична енергија со примена на листа на приоритети,

- начин на доставување на понуди за продажба и барања за купавање на електрична енергија на дневниот пазар на електрична енергија со примена на листа на приоритети, вклучувајќи и соодветни обрасци за истото,
- начин на формирање на листите на приоритети за понуда и побарувачка на дневниот пазар на електрична енергија со примена на листа на приоритети,
- размена на податоци и информации,
- временски период и распоред на доставување на понуди, како и промена на понуди,
- ревизија на доставени понуди на понуди за продажба и барања за купување на електрична енергија на дневниот пазар на електрична енергија со примена на листа на приоритети,
- модел на порамнување помеѓу понудата и барањата,
- софтверска апликација за порамнување помеѓу понудата и побарувачката,
- затворање на трансакцијата на дневниот пазар на електрична енергија со примена на листа на приоритети,
- права и обврски на учесниците на дневниот пазар на електрична енергија со примена на листа на приоритети.

АД МЕПСО – Скопје, во септември 2012 година, постапувајќи согласно овој член од Правилата за пазар на електрична енергија, претходно наведените процедури ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика. Имајќи ги во предвид забелешките на Регулаторната комисија за енергетика, процедурите се предмет на понатамошно усогласување.

#### 2.3.1.2 ОСТАНАТИ НЕРЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Нереализирани активности утврдени со Правилата за пазар на електрична енергија се:

- *стандардни дневни криви на оптоварување:* ОДС е должен да изработи стандардни дневни криви на оптоварување за потрошувачите кај кои не се вградени броила со можност за часовно и далечинско отчитување, со образложение за изработка на истите и истите да ги достави до ОЕПС и ОПЕЕ, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика (член 107, став 1 од Правила за пазар на електрична енергија),
- *размена на мерни податоци:* ОПЕЕ е должен да склучи договор со ОДС за размена на мерните податоци со кој се дефинираат сите мерни податоци кои треба да се доставаат за производители на електрична енергија приклучени на дистрибутивната мрежа (член 125, став 3 од Правила за пазар на електрична енергија),
- *размена на мерни податоци:* ОПЕЕ е должен да склучи договор со ОДС за размена на мерни податоци со кој се дефинираат сите мерни податоци кои треба да се доставаат за потрошувачите приклучени на дистрибутивната мрежа (член 126, став 5 од Правила за пазар на електрична енергија),
- *План за вградување на пресметковни броила со можност за часовно и далечинско отчитување*: ОДС е должен да изработи и достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика, најмалку еднаш во две (2) години, План за вградување на пресметковни броила со можност за часовно и далечинско отчитување кај потрошувачите и производителите приклучени на дистрибутивната мрежа за период од две (2) години. Во Планот задолжително треба да се наведат временските рокови за вградување на пресметковните броила со можност за часовно и далечинско отчитување, со детално образложение на истите (член 127 од Правила за пазар на електрична енергија),
- *Финансиска гаранција*: Секој учесник на пазарот кој превзел балансна одговорност е должен да обезбеди финасиска гаранција за плаќање на

отстапувањата. Висината на финансиската гаранција на БОС ја определува ОПЕЕ, при што ОПЕЕ е должен да достави информација до Регулаторната комисија за енергетика (член 148 од Правила за пазар на електрична енергија),

- *мерење*: ОЕПС е должен на мерните места на сите точки на прием и испорака во и од преносната мрежа, да обезбеди технички услови за мерење на електричната енергија на часовно ниво, вклучувајќи ги и системските услуги (член 174, став 1 од Правила за пазар на електрична енергија),
- *мерење:* ОДС е должен на мерните места да обезбеди технички услови за мерење на електричната енергија на часовно ниво за производителите на електрична енергија приклучени на дистрибутивниот систем (член 174, став 2 од Правила за пазар на електрична енергија),
- *Протокол за доставување и размена на податоци и информации:* ОЕПС, ОПЕЕ и ОДС се должни заеднички да изготват Протокол за доставување и размена на податоци и информации и истиот да го достават на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика (член 175 од Правила за пазар на електрична енергија).

## 2.4 ДАТУМ ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈАТА НА ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА СИТЕ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ОСВЕН ДОМАЌИНСТВАТА И ДАТУМИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НЕРЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Република Македонија во мај 2006 година со ратификувањето на Договорот за основање на Енергетска Заедница, помеѓу другото, превзема обврска и за либерализирање на пазарот на електрична енергија. Законот за енергетика е донесен во февруари 2011 година, врз основа на кој Регулаторната комисија за енергетика во мај 2012 година ги донесе Правилата за пазар на електрична енергија, како и сите подзаконски акти клучни за либерализацијата на пазарот на електрична енергија, вклучувајќи и целосно нова ценовна регулатива. Делумна либерализација на пазарот на електрична енергија започна во мај 2007 година кога сите потрошувачи на електрична енергија приклучени на преносната мрежа, 55% од своите потреби ги обезбедија на слободниот пазар на електрична енергија. По што продолжи и од 01.01.2008 година овие потрошувачи во целост своите потреби од електрична енергија ги обезбедија на слободниот пазар на електрична енергија. Во 2012 година, ОЕПС (АД МЕПСО – Скопје) и ОДС (ЕВН Македонија АД Скопје) количините потребни за покривање на загубите во сопствената мрежа во целост ги обезбедија на слободниот пазар на електрична енергија, со што во Република Македонија, пазарот е либерализиран приближно 40%.

Имајќи го предвид претходно наведеното, сите учесници на пазарот на електрична енергија беа информирани дека следува понатамошна либерализација на пазарот на електрична енергија, а особено им беа познати обврските кои што произлегуваат за сите учесници на пазарот на електрична енергија согласно Правилата за пазар на електрична енергија. Регулаторната комисија за енергетика следејќи ги активностите кои што ги превземаат учесниците на пазарот на електрична енергија, а притоа имајќи ја предвид специфичноста на пазарот на електрична енергија за чие функционирање е потребно да се исполнат сите технички предуслови кои што се утврдени со Правилата за пазар на електрична енергија, со цел да се избегнат било какви финансиски последици за сите учесници на пазарот на електрична енергија, како и да се избегне загрозување на сигурноста и безбедноста во снабдувањето со електрична енергија, во декември 2012 година и во јуни 2013 го пролонгираше рокот за либерализација на пазарот на електрична енергија. Оттука, Регулаторната комисија за енергетика со овој Акционен план го утврдува сленово:

- датум за отпочнување на либерализацијата на пазарот на електрична енергија за сите потрошувачи на електрична енергија, освен домаќинствата: **01.04.2014 година,**
- датум за отпочнување на либерализацијата на пазарот на електрична енергија за сите потрошувачи на електрична енергија, вклучувајќи ги и домаќинствата: **01.01.2015 година**,

- крајни датуми за исполнување на обврските на учесници на пазарот на електрична енергија кои што произлегуваат од Правилата за пазар на електрична енергија и Законот за енергетика:

    1. Регулаторната комисија за енергетика на својата веб страна, најдоцна до **15.10.2013 година,** да објави листа на претпријатија кои што поседуваат лиценци за трговија со електрична неергија, како и снабдување со електрична енергија,
    2. Регулаторната комисија за енергетика е должна да ги имплементира измените на Правилата за пазар на електрична енергија согласно Ревизијата на Правилата за пазар на електрична енергија, најдоцна до **30.11.2013** година,
    3. Регулаторната комисија за енергетика, **најдоцна до 15.11.2013 година**, да издаде лиценци за вршење на енергетската дејност снабдување во краен случај со електрична енергија на ЕВН Македонија АД Скопје и АД ЕЛЕМ – Скопје, подружница Енергетика (за територијата на поранешна Железара),
    4. Регулаторната комисија за енергетика, **најдоцна до 30.11.2013 година**, да го донесе Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на домаќинствата и малите потрошувачи,
    5. ОДС е должен да изработи предлог на стандардни дневни криви на оптоварување за потрошувачите кај кои не се вградени броила со можност за часовно и далечинско отчитување, најдоцна до **31.01.2014 година** и истите да ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика. Регулаторната комисија за енергетика е должна да ги одобри најдоцна до **15.02.2014 година**,
    6. ОПЕЕ е должен да склучи договор со ОДС за размена на мерните податоци со кој се дефинираат сите мерни податоци кои треба да се достават за производители на електрична енергија приклучени на дистрибутивната мрежа, најдоцна до **30.11.2013 година**,
    7. ОПЕЕ е должен да склучи договор со ОДС за размена на мерни податоци со кој се дефинираат сите мерни податоци кои треба да се достават за потрошувачите приклучени на дистрибутивната мрежа, најдоцна до **30.11.2013 година**,
    8. ОДС е должен, најдоцна до **30.11.2013 година,** да изработи и достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика, најмалку еднаш во две (2) години, План за вградување на пресметковни броила со можност за часовно и далечинско отчитување кај потрошувачите и производителите приклучени на дистрибутивната мрежа за период од две (2) години,
    9. ОПЕЕ, најдоцна до **31.10.2013 година,** да достави информација до Регулаторната комисија за енергетика за висината на финансиската гаранција на БОС,
    10. Поради објективни причини на кои што ОЕПС не може да влијае, ОЕПС не е во можност на мерните места на сите точки на прием во преносната мрежа, да обезбеди технички услови за мерење на активирната енергија од системските услуги. Од овие причини, ОЕПС и Производителот на електрична енергија на кој во лиценцата му е утврдена обврска да обезбеди јавна услуга, најдоцна до **30.11.2013 година,** се должни да склучат протокол кој ќе го регулира мерењето на активираната електрична енергија од системските услуги кои ги обезбедил Производителот на електрична енергија на кој во лиценцата му е утврдена обврска да обезбеди јавна услуга,
    11. ОЕПС, ОПЕЕ и ОДС, најдоцна до **30.10.2013 година**, се должни заеднички да изготват Протокол за доставување и размена на податоци и информации и истиот да го достават на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика. Регулаторната комисија за енергетика е должна да го одобри најдоцна до **15.11.2013 година.**

## 3 ДРУГИ ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА НАТАМОШНО ОТВАРАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Согласно член 59 став 2 од Правилата за пазар на електрична енергија, квалификуваните потрошувачи кои имаат повеќе од педесет (50) вработени и вкупен годишен приход или вкупна актива поголема од десет (10) милиони евра во денарска противвредност, можат самостојно да учествуваат на пазарот на електрична енергија при што своите потреби од електрична енергија ги обезбедуваат на пазарот на електрична енергија со нерегулирани билатерални договори. Квалификуваните потрошувачи кои што го исполнуваат претходно наведениот услов своите потреби од електрична енергија ги обезбедуваат од трговци или снабдувачи со електрична енергија по слободно договорени цени, при што немаат право да бидат снабдувани од регулираниот снабдувач во краен случај со електрична енергија. АД МЕПСО – Скопје како оператор на пазарот на електрична енергија на својата веб страна во текот на јуни 2012 година, согласно член 59 став 3 од Правилата за пазар на електрична енергија ја објави листата на квалификувани потрошувачи кои можат самостојно да учествуваат на пазарот на електрична енергија од 01.01 2014 година: (http://www.mepso.com.mk/CMS99/Content_Data/Dokumenti/ОПЕЕ/Lista%202013.pdf), врз основа на податоци доставени од Централен регистар на Република Македонија. Во оваа група на квалификувани потрошувачи (242) кои што самостојно настапуваат на пазарот се наоѓаат и потрошувачите приклучени на преносната мрежа кои што веќе своите потреби ги обезбедуваат на отворениот пазар на електична енергија (ЦЕМЕНТАРНИЦА УСЈЕ АД – Скопје, ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје, СКОПСКИ ЛЕГУРИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, МАКСТИЛ АД – Скопје, ФЕНИ ИНДУСТРИ АД Кавадарци, Југохром Фероалојс ДОО Јегуновце, БУЧИМ ДООЕЛ Радовиш, АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје и АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ХРМ) АД Скопје), додека сите останати потрошувачи за прв пат ќе се стекнат со статусот на квалификувани потрошувачи кои што самостојно настапуваат на пазарот на електрична енергија. Според податоците на Регулаторната комисија за енергетика, освен претходно спомenатите квалификувани потрошувачи приклучени на преносната мрежа кои веќе ги набавуваат своите потреби од електрична енергија на отворениот пазар, сите останати, кои за прв пат ќе се стекнат со статусот квалификувани потрошувачи со можност за самостоен настап на пазарот на електрична енергија, немаат склучено договори за набавка на електрична енергија со трговците со електрична енегија кои што имаат добиено соодветни лиценци. Во наредниот период, Регулаторната комисија за енергетика ќе организира јавни расправи и работилници, со цел сите учесници на пазарот на електрична енергија да бидат целосно подготвени за либерализацијата на пазарот на електрична енергија.

Регулаторната комисија за енергетика ќе формира работна група за следење на имплементацијата на овој Акционен план која ќе се состанува најмалку 2 пати во текот на еден календарски месец, вклучувајќи го и периодот по започнување на процесот на либерализацијата.

**бр. 01- 1645/2**
**30 септември 2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**